# ПОЛИТИКА ЗА КОЛАЧИЊА НА ДРУШТВО ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ, ВЕБ ДИЗАЈН И ТРГОВИЈА ВЕНДОР ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ

**(https://vendor.com.mk/)**

## Што се колачиња?

Колачињата се мали текстуални датотеки што веб-сајтот кој го посетувате ги поставува на Вашиот компјутер или мобилен уред заради чување на информации за вашата посета. Овие текстуални датотеки можат да бидат прочитани од страна на веб-сајтот кој го посетувате и да помогнат во Вашата идентификација кога повторно ќе го отворите истиот веб-сајт. Колачињата се „пасивни“ бидејќи содржат информации кои вашиот пребарувач може да ги поврати, но не содржат програми, вируси или малициозен софтвер. Колачињата обично истекуваат по одреден временски период, кој може да биде во траење од неколку минути до повеќе од една година.

Постојат разни видови колачиња и тие обично се сортираат според времетраењето, доменот на кој припаѓаат и намената (целта):

Колачињата според времетраењето може да се поделат во две категории: „за време на сесијата“ и „трајни (упорни)“.

- Колачињата „за време на сесијата“ се привремени и се бришат кога ќе го затворите пребарувачот или по одреден период на неактивност.
- „Трајните“ колачиња остануваат на вашиот компјутер до датумот на истекување/времето утврдено од креаторот на колачињата.

Колачињата според доменот на кој припаѓаат, се поделени на:

- Колачиња кои се поставени од сопственикот на доменот што се посетува и
- Колачиња кои се поставени од трети страни, од друг домен различен од оној што го посетил корисникот.

Повеќе информации за видот на колачињата што ги поставува Друштво за програмирање, веб дизајн и трговија ВЕНДОР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје (во натамошниот текст: ВЕНДОР) според намената (целта) може да прочитате во делот **„Колачиња што ги поставуваме“.**

## Што прават колачињата?

Колачињата можат да содржат многу видови информации за вашата посета на одреден веб-сајт, но најчесто се користат за чување на избраните преференции, како што се јазик, големина на фонт, содржина на кошничката, поставки за приватноста и состојба на најавување. Колачињата не содржат лични или приватни податоци за вас, но можат да соберат информации за вашите навики на пребарување. Во најголем дел, колачињата го подобруваат вашето корисничко искуство со пребарувањето со тоа што спречуваат постојано да ја одбирате истата опција секогаш кога посетувате некоја страница.

Меѓутоа, веб страниците исто така користат колачиња кои служат за рекламирање согласно вашите интереси врз основа на избраните преференции или содржината на страниците што сте ги посетиле. Од овие причини, некои веб корисници ги бришат или одбиваат одредени типови на колачиња, односно колачиња од одредени страници.

**Дали можете да ги избришете колачињата?**

Да, можете да ги прегледате колачињата зачувани на Вашиот компјутер и да ги избришете некои или сите. Сепак, секој пребарувач има различна постапка за таа цел.

Имајте предвид дека во некои случаи, бришењето на колачиња ќе влијае на Вашето корисничко искуство при повторна посета на некоја страница. На пример, можеби ќе бидете принудени повторно да се најавите, или предметите додадени во вашата кошничка ќе исчезнат.

**Дали можете да го поставите пребарувачот да ги блокира колачињата?**

Да, повеќето пребарувачи Ви дозволуваат да наведете кои видови колачиња ги прифаќате или ќе ги одбиете сите колачиња. Бидејќи секој пребарувач е различен, еве неколку од најчестите:

- Google Chrome
- Microsoft Edge
- Mozilla Firefox
- Microsoft Internet Explorer
- Opera
- Apple Safari

При посета на некои страници може да видите порака за предупредување која Ви препорачува да ги прифатите колачињата заради оптимално искуство со пребарувањето.

**Како ги користиме колачињата?**

Ние ги користиме колачињата со цел да го подобриме Вашето корисничко искуство на нашата страница. Деталите се наведени подолу.

**Колачиња што ги поставуваме**

| | |
|---|---|
| Неопходни | Неопходните колачиња овозможуваат веб-сајтот да биде употреблив, односно ги овозможуваат основните функции, како што се навигација на страницата и пристап до заштитените подрачја. Без овие колачиња веб-сајтот не може да функционира правилно. |
| Функционални | Функционални колачиња овозможуваат веб-сајтот да запомни информации што го менуваат начинот на однесување или изгледот на веб-сајтот, како на пример преферирани јазик или регионот во кој се наоѓате. |
| Колачиња за перформанси | Колачињата за перформанси им помагаат на сопствениците на веб-сајтот да разберат како посетителите комуницираат со веб-сајтот со собирање и анонимно пријавување на податоците. |
| Маркетинг | Маркетинг колачињата се користат за следење на посетителите преку веб-сајтот. Целта е да се прикажат реклами кои се |

| | |
|---|---|
| | релевантни и го интересираат корисникот, а што е воедно важно за огласувачите како трети страни. |

**Колачиња кои се користат од страна на ВЕНДОР**

**Некласифицирани колачиња поставени од ВЕНДОР**

| **Назив на колачето** | **Кој го поставува** | **Опис и цел** | **Период на траење** |
|---|---|---|---|
| **persist:vendor** | vendor.com.mk | Некласифицирано | Трајни |

Ако имате какви било прашања или проблеми, ве молиме контактирајте не на следната електронска адреса: (legal@vendor.com.mk)